ГЕВГЕЛИЈА

**ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**
**MUNICIPALITY OF GEVGELIJA**

**СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ, КОМУНАЛНИ РАБОТИ И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА**
**Одделение за урбанизам, архитектура, градежништво и заштита на животната средина**
**Бр. 11-93/3**
**16.02.2024год.**
**Гевгелија**

Врз основа на член 50 став 3 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“ бр.32/20 и 111/23) и член 62 од Статутот на Општина Гевгелија, Градоначалникот на општина Гевгелија го дава следното

## С О О П Ш Т Е Н И Е  З А  Ј А В Е Н  П О В И К

Се известуваат физичките и правните лица од опфатот на Урбан Блок 1.5 во Гевгелија, дека Градоначалникот на општина Гевгелија донесе Одлука за спроведување на

**Трета јавна презентација и јавна анкета за Детален урбанистички план за Урбан блок 1.5, општина Гевгелија**

Вкупната површина на планскиот опфат, што се применува при изработка на Детален урбанистички план за дел од Урбан Блок 1.5, К.О. Гевгелија, општина Гевгелија изнесува **2,03 ha**, вклучувајќи ја и површината помеѓу регулационите линии одредени и површината до оските на сообраќајниците.

Границата на планскиот опфат се движи по осовините на улица,, Маршал Тито,, на север, улица ,,Јосиф Јосифовски,, на југ, улица ,,Ѓорѓи Велков,, на исток и улица ,,Солунска,, на запад.

**Јавната презентација** со стручно презентирање на планот ќе се одржи **во малата сала на Народен театар во Гевгелија на ден 05.03.2024 година (вторник) со почеток во 11.00 часот.**

Одлуката за организирање на третата јавна анкета и јавна презентација ќе биде објавена на огласна табла во Секторот за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина при Општина Гевгелија, на веб страната на Општина Гевгелија www.gevgelija.gov.mk, во Службен Гласник на Општина Гевгелија.

Јавната анкета ке трае 10 работни дена и тоа **од 05.03.2024г. до 18.03.2024г.**

Во споменатиот рок заинтересираните граѓани и правни лица од подрачјето опфатено со планот, како и државните органи и други институции ке можат да ги доставуваат своите забелешки, предлози и мислења на анкетни листови.

Градоначалник
на општина Гевгелија
***Андон Сарамандов***